Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 08-2927/1
31.12.2025 год.
ОБЛЕШЕВО

ПРОГРАМА
За изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици на територија на општина Чешиново-Облешево за 2026 година

ВОВЕД:

Изградбата, реконструкцијата и одржувањето на локалните патишта и улици во општина Чешиново-Облешево за 2026 година е потреба во сите населени места во општината за подобрување на условите во комуналната свера на живеење.

Програмата утврдува извори на средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во 2026 година, нивниот распоред и начин на користење како и обемот на работите.

Висината на средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици, се утврдуваат во износ од 48.410.707,00денари и тоа од следнитеизвори на приходи:

1. Трансфери од владини институции, и тоа од:

1.1. Јавно претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици;

1.2.Биро за регионален развој;

1.3.Министерство за Транспорт

1.4Министерство за локална самоуправа

2. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);
3. Комунални такси;
4. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РМ.

Согласно Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), општината е надлежна за локалните патишта и улици.

Средствата кои општината ќе ги добие во текот на 2026 година, ќе бидат распоредени на следниот начин - 30% за редовно и инвестиционо одржување, 20% за зимско одржување и 50% за изградба.

Активности-инвестиции за изградба

Во зависност од големината на средствата кои секоја година се добиваат од Јавното претпријатие за државни патишта и од други општи и тековни донации, предвидени се следните активности:

-Изградба на Локален пат Кучичино-Чифлик
-Изградба на Локален пат Чешиново-Чифлик
-Изградба на Локален пат Спанчево-Чифлик
-Изградба на локален пат с.Жиганци-с.Чешиново
-Изградба на локален пат с.Уларци-с.Соколарци
-Изградба на локален пат с.Соколарци-с.Врбица
-Изградба на локален пат с.Жиганци-с.Уларци

-Реконструкција на локален пат Облешево-Спанчево
-Реконструкција на локален пат Чешиново-Спанчево
-Изградба на улици во сите населени места во општината

Изградбата и одржувањето на локалните патни правци и улиците во самите населени места, ќе биде во зависност од средствата кои ќе бидат добиени по основ на разни донации.

Дел од средствата предвидени во Програмата ќе бидат наменети за изработка на Техничка документација за изградба на локални патишта и улици.

II. Тековни Активности

Дел од средствата ќе бидат наменети и за:
А)Земјени работи на локални патишта;
Б)Посипување на улици;
В)Поправање на ударни дупки;
Г)Останати активности:
-Набавка и поставување на сообраќајни знаци;
-Зимско одржување;
-Решавање на тековни проблеми.

III. Финансиски дел

Приходи:

Инвестиции од Јавното претпријатие за државни патишта.....1.800.000,00 денари

Министерство за локална самоуправа.....1.942.100,00 денари

Министерство за Транспорт .....40.255.478,00 денари

Буџет на општина Чешиново-Облешево.....3.170.700,00 денари

Приходи од продажба на градежно земјиште, општи и тековни донации.....1.242.429,00 денари

ВКУПНО: 48.410.707,00 ден.

IV.Преодни и завршни одредби

Динамиката на реализација на Програмата ќе биде во зависност од приливот на средствата.

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Совет на општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков